

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Наставникот во средното образование има клучна улога во формирањето на личноста на младите луѓе. Тој не е само пренесувач на знаење, туку и воспитувач, ментор и пример за вредности и однесување. Во периодот на адолесценција, кога учениците се соочуваат со бројни лични и општествени предизвици, ликот на наставникот добива особено значење.

Добриот наставник се одликува со стручност и постојана желба за усовршување. Тој темелно го познава предметот што го предава, но истовремено знае како знаењето да го прилагоди на возраста и интересите на учениците. Преку јасно објаснување, примери од секојдневието и интерактивна настава, наставникот ја поттикнува љубопитноста и критичкото мислење кај учениците.

Покрај знаењето, важна особина на наставникот е и праведноста. Тој треба да биде објективен, да ги почитува сите ученици и да ги вреднува нивните напори без предрасуди. Со тоа се гради доверба и позитивна атмосфера во училницата, во која учениците се чувствуваат слободни да прашуваат, да грешат и да учат.

Ликот на наставникот се одразува и преку неговиот однос кон учениците. Разбирањето, трпението и поддршката се неопходни за да се воспитаат самоуверени и одговорни млади личности. Наставникот кој знае да сослуша и да даде совет често останува запаметен како важна личност во животот на ученикот.

На крај, наставникот во средното образование е мост меѓу детството и зрелоста. Со својот пример, ставови и вредности, тој придонесува не само за образованието, туку и за

целокупниот развој на учениците, подготвувајќи ги за идните животни и професионални предизвици.

ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Член 1

Со овие воведни одредби се утврдуваат основните принципи, правила и стандарди на професионално и етичко однесување на наставниците во училиштето, со цел обезбедување квалитетна, безбедна и поттикнувачка образовно-воспитна средина.

Просветниот работник се обврзува:

- Својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано,
- Воспитанието и образованието на учениците да му претставуваат највисок императив во неговото професионално однесување,
- Да се грижи за зачувување на угледот на наставничката професија преку примерно, одговорно извршување на работните задачи и должности без да прави никакви разлики врз основа на пол, националност, религија возраст сексуална определба или социо-економска состојба,
- Со почит да се однесува кон сите вработени, ученици, родители и надворешни соработници.

Член 2

Воведните одредби се темелат на:

- Законот за средното образование,
- Законот за основното образование (каде е применливо),
- Законот за работните односи,
- Законот за спречување и заштита од дискриминација,
- Конвенцијата за правата на детето,
- Подзаконските акти и насоките на Министерството за образование и наука.

Член 3

Наставникот ја врши својата дејност врз основа на принципите на:

- Законитост и професионалност,
- Почитување на човековото достоинство и личност,
- Еднаков третман и недискриминација,
- Одговорност и интегритет,
- Толеранција и меѓусебна почит,
- Заштита на најдобриот интерес на ученикот.

Член 4

Одредбите за однесување на наставниците се применуваат:

- за време на наставниот процес,
- при воннаставни и проектни активности,
- За време на практичната настава и учењето преку работа
- за време на екскурзии, натпревари и јавни настапи,
- во службената комуникација со ученици, родители, колеги и институции,
- во електронската и дигиталната комуникација поврзана со училиштето.

Член 5

Наставникот е должен со своето однесување, говор и постапки да биде позитивен пример за учениците и да придонесува за градење на доверба, почит и безбедност во училишната заедница.

- Навремено и квалитетно ги извршуваат наставните и педагошките обврски.
- Нставникот навремено влегуваат на настава и целосно водат педагошка администрација.
- Наставниците се однесуваат професионално, етички и одговорно.
- Ги почитуваат учениците, родителите и колегите без дискриминација.
- Обезбедуваат безбедна, поддржувачка и мотивирачка средина за учење.
- Се однесуваат праведно и непристрасно кон сите ученици.
- Ја почитуваат доверливоста на податоците за учениците и семејствата.
- Претставуваат позитивен пример со своето однесување и комуникација.
- Соработуваат со родителите во интерес на ученикот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Овој Кодекс ги утврдува основните етички принципи и правила на професионално однесување на наставниците и претставува задолжителна рамка за нивното работење.
- Секој наставник е должен да се запознае со одредбите на овој Кодекс и доследно да ги почитува во својата професионална пракса,
- Непочитувањето на одредбите од овој Кодекс претставува повреда на професионалната етика и може да биде основ за покренување соодветна постапка, согласно важечките закони и интерни акти на институцијата.
- Толкувањето на одредбите од овој Кодекс го врши надлежното тело на образовната установа, со цел нивна правилна и доследна примена,
- Овој Кодекс стапува во сила со денот на неговото усвојување и се применува на сите наставници, без исклучок.

Претседател на Училишен одбор

_____

Сашо Илиевски

Битола, 2025 година